Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

03-577/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Ацо Стојановски од Скопје, генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-577/1 од 18.06.2024 година.

**Образложение**

На 18.06.2024 година, [redacted], до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-577/1 од 18.06.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

- **Информација по УПП 16-96/2024**
- **Записник од 359-та седница на Инспекциски совет одржана на 23.05.2024 година за предметот УПП 16-96/2024**
- **Донесени заклучоци по УПП 16-96/2024.**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]) и фотокопија по пошта .

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка во списите на Инспекцискиот совет, Ве известуваме:

- **Копија од ИНФОРМАЦИЈА Претставка против Државен управен инспектор Шефит Весели од Област 6 – Управа , наш број УПП 16-96 од 23. 05.2024 година.**
- **Копија од Записник од 359-та седница на Инспекциски совет одржана на 23.05.2024 година за предметот УПП 16-96/2024.**
- **Копија од ИЗВАДОК од Нацрт-записникот од 359-та редовна седница на Инспекцскиот совет одржана на 23.05.2024 година.**

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор